# Упатство за поставување на трансакциски лимити и блокирање / деблокирање на платежни картички преку e-banking

Во делот **“Мои производи”** имате преглед на кредитните производи, вклучувајќи ги и платежните картички.

**КРЕДИТНИ КАРТИЧКИ**

| Број на картичка | Вид на кредитна картичка | Сметка | Статус | Одобрен кредитен лимит | Искористен кредитен лимит | Актуелна годишна каматна стапка | Месечен извештај |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ****5273 | VISA VERO кредитна картичка | MKD | Активна | | | | Прикажи |

**ДЕБИТНИ КАРТИЧКИ**

| Број на картичка | Вид на дебитна картичка | Сметка | Важност на картичката | Статус |
|---|---|---|---|---|
| ****2148 | MASTERCARD дебитна картичка | MKD | | Активна |

Со одбирање на платежната картичка стануваат видливи новите опции **“Блокирај картичка”** како и **“Трансакциски лимити”** во менито Управување со картичката**.**

**ДЕБИТНА КАРТИЧКА**

**ИНФОРМАЦИИ ЗА КАРТИЧКА**

| | |
|---|---|
| Број на картичка | 5365 |
| Вид на картичка | MASTERCARD дебитна картичка |
| Носител на картичка | |
| Важност на картичката | 31.07.2026 |
| Статус | АКТИВНА |
| Сметка | MKD |

БЛОКИРАЈ КАРТИЧКА

Со одбирање на опцијата **“Блокирај картичка”** се отвара нов прозорец каде што е потребно да ја внесете еднократната лозинка генерирана од токенот ( софтверски или хардверски ). Со внес на ОТП лозинката и со одбирање на **“Потврди”** успешно ја блокирате платежната картичка.

Дирекција за директно банкарство
Стопанска банка АД Скопје




Со успешна потврда, платежната картичка веднаш добива статус **блокирана** и истата не може да се користи. Платежната картичка можете и веднаш да ја **деблокирате** на истиот начин, со одбирање на опцијата **"Деблокирај"** и потврда со внес на ОТП лозинката.

Доколку пак имате потреба од нејзино реиздавање потребно е да се обратите во Контакт центарот на 02/3100 -109.




Со одбирање на опцијата **"Трансакциски лимити"** имате можност да си ги поставите трансакциски лимити на платежната картичка според Вашите потреби.

Дирекција за директно банкарство
Стопанска банка АД Скопје




По поставување на трансакциски лимити согласно потребите, за сите или за дел од нив, потребно е да кликнете на **„Зачувај лимити"** за истите да ги зачувате. Како би ги потврдиле промените ја внесувате еднократната лозинка генерирана од ОТП токенот.




На овој начин трансакциските лимити се **успешно променети** и истите ќе важат до следната промена.




Дирекција за директно банкарство
Стопанска банка АД Скопје

ВАЖНИ НАПОМЕНИ:

- Нема можност да се постават трансакциски лимити на блокирана или неактивна картичка.
- Трансакциски лимити може да се постават само на активна платежна картичка.
- Поставени вредности од банката се 300.000 односно 600.000 денари месечен лимит и 150.000 односно 250.000 за трансакциски лимит, во зависност од производот.
- Трансакциските лимити важат се до нивна промена од страна на корисникот, поставениот износ на трансакциски лимит се ресетира на почетокот на месецот.
- Доколку платежната картичка ја блокирате преку контакт центар или филијала нема можност истатата да се деблокира преку е-банкинг.
- Трансакциски лимити кои може да се менуваат согласно потребите се:
    - Лимит на поединечна трансакција во трговија
    - Месечен лимит за трговија во МК
    - АТМ месечен лимит МКД
    - Месечен лимит за интернет плаќање во МК
    - Месечен лимит за трговија во странство
    - АМТ месечен лимит во странство
    - Месечен лимит за интернет плаќање во странство
- Носителот на основната картичка може да врши блокирање и деблокирање како и да поставува месечни трансакциски лимити на дополнителната платежна картичка.
- Корисникот на дополнителна платежна картичка може да врши само блокирање и деблокирање на истата, но не и да поставува трансакциски лимити туку само да има увид во истите.

Дирекција за директно банкарство
Стопанска банка АД Скопје